# ГРАЃАНСКА НАУКА

## НАЦИОНАЛЕН ПАРК

# **ГАЛИЧИЦА**



NATIONAL PARK GALICICA

PONT | PRESPA OHRID NATURE TRUST



2023

Изработиле:

Ангела Тасеска
Катерина Ническа

Јавна Установа Национален Парк Галичица

2 0 2 3

# Национален парк Галичица

Националниот парк Галичица препознатлив по својата богата и ретка природа и неповторлива убавина, во 1958 година е прогласен за национален парк со цел да се зачува растителниот и животинскиот свет и природниот изглед на планината Галичица. Околу 2/3 од Паркот е вклучен во границите на Светското природно и културно наследство на охридскиот регион, впишано на листата на Светско културно и природно наследство на УНЕСКО. Националниот парк Галичица се наоѓа во југозападниот дел на Македонија, на планинскиот масив Галичица, вклучително и делови од нејзините ограноци Исток и Петрино, како и островот Голем Град во Преспанското Езеро. Надморската височина на планинскиот масив Галичица во Македонија се движи од 695 м.н.в. (нивото на Охридското Езеро), односно 850 м.н.в. (нивото на Преспанското Езеро), до 2265 м.н.в. на граничен столб Ф10. Основната геолошка подлога на Галичица е од палеозојски метаморфни силикати, прекриени со слој од масивни порозни варовници, дебел 500-550 м. Поради порозноста на масивните варовници постои подземна врска на Преспанското и Охридското Езеро која е научно потврдена. Водите од Преспанското Езеро на западните падини на Галичица извираат на многу крајбрежни и подводни карстни извори. Највпечатливи карстни извори на Охридското Езеро се изворите кај манастирот Св. Наум. Се состојат од 30 подводни и 15 крајбрежни извори, со вкупен капацитет од околу 7,5 метри кубни вода во секунда. Паркот претставува жариште на биолошката разновидност во регионот, на површина од приближно 24000 хектари, се среќаваат повеќе од 37 типови живеалишта, 40 растителни заедници, околу 1600 таксони од васкуларни растенија, над 143 видови лихеноидни габи, повеќе од 480 видови габи и преку 3279 таксони од фауната. Во паркот се среќаваат 4 таксони од без ‘рбетните и 13 од ‘рбетниците кои се сметаат за глобално загрозени. Неколку стотини ретки и заштитени видови во паркот се претставени со значајни популации. Некои од нив се среќаваат само во границите на паркот и тоа: 29 таксони алги, 12 видови васкуларни растенија, 68 таксони без‘рбетни и 4 таксони од ‘рбетни животни. Користејќи го езерото како основен извор на живот, многу генерации оставиле зад себе синтези на природното, руралното и урбаното. Од големиот број културно-историски споменици на територијата на Паркот позначајни се: манастирот „Св. Наум“, црквата „Св. Богородица Захумска“, археолошките наоѓалишта на островот Голем Град и многу други. Како комплексна целина, паркот заедно со Охридското и Преспанското Езеро, претставува релативно ограничена подрачје со многу богата биолошка разновидност, висок степен на хетерогеност и енедемизам и во таа смисла се смета за навистина многу вреден локалитет во Европа.

# Граѓанска наука

Граѓанската наука (Citizen Science) е иновативен пристап за спроведување на истражувања во заштитените подрачја и на други места. Граѓанската наука ја вклучува јавноста во истражувачкиот процес, обезбедувајќи вредни научни сознанија и уникатно образовно искуство за учесниците.

Соработката помеѓу научниците и волонтерите има потенцијал да го прошири опсегот на истражување и да ја подобри способноста за собирање научни податоци. Заинтересираните волонтери можат да придонесат за добивање вредни информации додека учат за растителниот и животинскиот свет во нивните локални заедници.

Националниот парк Галичица ќе го применува граѓанскиот научен пристап при спроведувањето на своите мониторинг активности, за зачувување на природните и културните вредности и обезбедување уживање и едукација за посетителите. Се очекува Граѓанската наука да донесе бројни идни активни проекти и да обезбеди дополнителни информации за науката во НП Галичица. Меѓутоа, учесниците може да се соочат и со предизвици за време на нивниот ангажман, така што проектните водачи и научниците треба да планираат како ќе се справат со овие предизвици и да обезбедат соодветна експертиза да биде презентирана од страна на проектниот тим и на волонтерите.

Граѓанска наука е дел од тековниот проект финансиран од ЕУ Натура 2000 проект *„Подобрување на капацитетите за Натура 2000 и CITES*“ и вклучува пилот активност поддршка за тестирање на проект за граѓанска наука во едно потенцијално Натура 2000 подрачје.

# *Angelica palustris* (Besser) Hoffm.

## БАРСКА АНГЕЛИКА



*Angelica palustris* (син. *Ostericum palustre*), попозната како барска ангелика, е двогодишен или повеќегодишен растителен вид од фамилијата Apiaceae. Во висина може да порасне и до 1,2 m. Има двокрилни листови, што значи наредени еден спроти друг во редови. Листовите се со овален облик. Белите сложени цветови цветаат од јули до август и се со пет ливчиња.









Видот се развива на засенчени места.

# *Angelica palustris* (Besser) Hoffm






**ЖИВЕАЛИШТЕ**

*Angelica palustris* преферира да расте на различни почви, глинести и песокливи почви и може да толерира сончева или полутемна/засенчена позиција.Некои видови од родот Angelica се познати како лековити растенија, но користењето на видот *Angelica palustris* за медицински цели не е позната. Постојат само 170 зрели единки, но нема доволно податоци од минатото, за да се процени постојаното намалување на популацијата.

**КОНЗЕРВАЦИСКИ СТАТУС**

Според процената на Црвената листа на IUCN, овој вид спаѓа во категоријата  Data Deficient (DD). Во Македонија, големината на популацијата е многу мала. Заради статусот на зачувување ширум Европа, ова растение е вклучено во Бернската конвенција и последователно наведено во Анекс II од ЕУ Директивата за живеалишта.

**ЗАКАНИ**

Изградбата на инфраструктурата (ресторан, мост што ги поврзува островот и копното, патеките и сл.) се закани за намалување на подрачјето и квалитетот на живеалиштата.Во Северна Македонија, Angelica palustris расте во подрачја на интензивни туристички активности особено во летниот и есенскиот период од годината, во месноста Свети Наум. Со шетањето низ уредените површини каде расте овој вид, дел од популацијата е изложена на газење. Изградбата на инфраструктурата (ресторан, мост што ги поврзува островот и копното, патеките и сл.) се закани за опстанокот на овој вид во локалитетот.

# *Ramonda serbica* Pančić

## СРПСКА РАМОНДА



Српската рамонда е ендемично растение, повеќегодишно, зимзелено, тревесто растение. Неговите лисја се склопуваат во розета, ромбска до елипсовидна-ромбска форма. Тие се нерегуларни и опширно назабени околу периметарот.Цветната дршка е без лисја, а има висина до 15 cm и содржи 1-3 цветовите и до 6 цветови кај постарите примероци . Венечните ливчиња од цвеќиња се со бледо виолетова боја со жолта основа. Цветот обично содржи 4-5 венечни лисја, а ретко 3 или 6. Прашниците се со виолетова боја. Плодот е грмушка со многу кафеави семиња.









Мрачни пукнатини на варовнички карпи помеѓу 400-1.500 m н.в.

# *Ramonda serbica* Pančić






## ЖИВЕАЛИШТЕ

Овој вид има многу специфично, мало и ограничено барање во однос на живеалиштата и припаѓа на групата ретките „воскресувачки“ васкуларни растенија во Европа. *Ramonda serbica* е повеќегодишно растение, кое може да се најде во влажни и мрачни места. Цвета од средината на април до втората половина на мај. Видот се јавува во мрачни пукнатини на варовнички карпи помеѓу 400-1.500 m н.в. (Комисија на европските заедници 2009 година). Обично се наоѓа во северни, северозападни пукнатини, но повремено се наоѓа и во пукнатини со северо-источна експозиција.
И покрај тоа што се јавува на места со северна експозиција и влажни карпести живеалишта, речиси во сите локалитети во неговиот ареал на распростанување, особено на пониски височини, популациите се во во сува фаза (анабиоза) за време на сушните летни месеци, а понекогаш дури и во април или мај. Некои години со невообичаено суви месеци – април или мај, видот може да биде во целосна анабиоза за време на цветниот период.

## КОНЗЕРВАЦИСКИ СТАТУС

Процената на Европската Црвената листа на IUCN за овој вид е Least Concern (LC). Овој вид е наведен на Анекс IV од Еу Директивата за живеалишта и Анекс I од Бернската Конвенција. Над 90% од субпопулациите на овој вид се јавуваат во националните паркови Маврово и Галичица, додека помал дел од подрачјата каде се јавува не се под заштита. Потребна е прецизна процена на големината на популациите и површината на населеност, како и назначување на некои од локалитетите каде егзистира за заштитени подрачја.

## ЗАКАНИ

Влошување на живеалиштата, главно, како резултат на климатските промени (промени во режимите на врнежи, сушење на помалите реки во текот на летото) и антропогени активности (на пр. рудерализација) (Марковиќ и др., 2015); Промените во хидролошкиот режим при градба на брани може да влијаат врз видот.

# *Parnassius apollo* (Linnaeus, 1758)

## АПОЛОНОВА ПЕПЕРУТКА



Аполоновата пеперутка е дневна пеперутка и припаѓа на фамилијата Едрилици (Papilionidae). Таа е крупна, со збиено тело и на задните крила има впечатливо обоени кружни петна.Има распон на крилјата од 62-86 mm кај мажјаците, а од 65-95 mm кај женките. Се храни со нектар.









Планински ливади и пасишта до над 2000 m н.в.

# *Parnassius apollo* (Linnaeus, 1758)






**ЖИВЕАЛИШТЕ**

Аполоновата пеперутка ги населува планинските ливади и пасишта до изнад 2,000 m н.в., каде што се присутни бројни цветни растенија богати со нектар. Ларвите на аполоновата пеперутка користат само ограничен број на видови на хранителни растенија од родовите Sedum и Sempervivum кои практично растат на стерилна (неплодна) карпеста подлога или камењари. Витално за опстанокот на овој вид е присуството и на планински цветни ливади, каде што се хранат адултните единки.
Во Македонија, аполоновата пеперутка е присутна само во високопланинскиот појас на планините со карбонатна подлога, додека отсуствува од планинските масиви со силикатна подлога. Овој вид е глацијален реликт, кој во текот на леденото доба бил широко распространет низ поголемиот дел од Европа. По завршувањето на плеистоценските глацијации, со покачувањето на температурата, опстанале само поодделни популации, со дисјунктивен ареал на распространување, ограничен на поодделни високи планини во Европа.

**КОНЗЕРВАЦИСКИ СТАТУС**

Популациите на аполоновата пеперутка ширум целиот нејзин ареал на дистрибуција се во континуирано опаѓање поради што овој вид има статус на глобално засегнат вид во категоријата Vulnerable (VU). Се наоѓа на листата на Анекс II од Бернската Конвенција и на листите Анекс IV од ЕУ Директивата за живеалишта, додека на IUCN Црвената листа на видови под закана во Европа е вклучен во категоријата Near Threatened (NT).

**ЗАКАНИ**

Најголемите закани за пеперутките се промени во живеалиштата и нивната загуба поради развој на инфраструктурата, индустријата и земјоделието и климатските промени.

♂ ♀





# *Cerambyx cerdo* Linnaeus, 1758

## ДАБОВ ЈАРЕЦ

Големата дабова стрижибуба припаѓа на фамилијата Стрижибуби (Cerambycidae). Има издолжено и големо тело со антени. Телото и нозете се црни, освен елитрите кои се црвено-кафеави кон врвовите. Кај машките единки антените се подолги од телото додека пак кај женките тие достигнуваат должина колку елитрите. Видот има редуцирани крилја, нема способност за летање.



↔ 17 - 55 mm




■ активен

□ неактивен




Мешани и листопадни (дабови) шуми.

# *Cerambyx cerdo* Linnaeus, 1758






## ЖИВЕАЛИШТЕ

Видот вообичаено избира стари и распаднати дрвја, како што се дабовите постари од 100 години и имаат дијаметар поголем од 40 cm.Може да се сретне и на други листопадни видови како што се костен, бреза, врба, јасен, брест, орев, леска, бука, габер и др. Најзастапен е во старите природни отворени полуприродни шуми.

## ЗАКАНИ

Загуба на живеалишта, загуба на природни и полуприродни шуми кои содржат стари и распаднати дрвја и нивна замена со млади или неавтохтони насади.

## КОНЗЕРВАЦИСКИ СТАТУС

*Cerambyx cerdo* е редок вид.На Европската црвена листа на IUCN се наоѓа под категорија Least Concern (LC).
На Црвената листа на сапроксилни тврдокрилци на Европа се наоѓа под категорија Least Concern (LC) и на Медитеранска црвена листа на сапроксилни тврдокрилци под категорија како Near Threatened (NE). Видот се наоѓа на анекс II и IV од ЕУ Директивата за живеалишта и на Анекс II од Бернската Конвенција.

# *Lucanus cervus* (Mulsant, 1863)

## ЕЛЕНЧЕ




Еленчето припаѓа на фамилијата Еленчиња (Lucanidae).Мажјаците за разлика од женките имаат впечатливо големи мандибули кои наликуваат на рогови од елен. Оттаму им доаѓа и народното име - еленче. Мажјаците имаат карактеристични рогови и можат да пораснат до неверојатни 75 mm во должина. Женките имаат многу помали мандибули и растат помеѓу 30-50 mm. И мажјаците и женките имаат сјајни црни глава и тело и тврди крилја со кафеава боја на костен.



50 - 120 mm







Листопадни дрвја (бука, даб, липа, врба, топола и др.).

# *Lucanus cervus* (Mulsant, 1863)






## ЖИВЕАЛИШТЕ

Еленчето населува и преферира добро осветлени термофилни листопадни шуми и нивни екотони, со топла микроклима. Има слаба способност за колонизација, оттаму е и ограничената дистрибуција.
Не е исклучена можноста да се најде во стари необработени агроекосистеми, рабови на листопадни шуми и стрмни оголени терени, како и паркови во градска средина. Како потенцијални хабитати за овој вид се издвојуваат и тополовите вештачки насади.

## КОНЗЕРВАЦИСКИ СТАТУС

Видот се наоѓа на анекс II од ЕУ Директивата за живеалишта. Во базата на Европската Црвена листа на IUCN се води под категоријата Near Threatened (NT). Видот е наведен и во Анекс III од Бернската Конвенција, што придонесува до потреба од поголема негова заштита.
На Црвената листа на сапроксилни тврдокрилци на Европа се наоѓа под категорија  Near Threatened (NT) и на Медитеранска црвена листа на сапроксилни тврдокрилци под категорија Least Concern (LC).

## ЗАКАНИ

Губење и фрагментација на живеалиштата, отстранување на мртвото дрво (и стоечки и лежечки), сечењето на старите дрвја со мртви делови. Возрасните единки понекогаш се убиваат намерно од луѓе кои мислат дека се опасни. *L. cervus* е главно загрозен од намалувањето на просечната старост на дрвјата во шумите што главно се должи на интензивното управување и прекумерната експлоатација особено во источна Европа. Последица на ова е губење на мртвото дрво на шумите и старите дрвја кои се потребните живеалишта за вид да го заврши својот животен циклус.

# *Rosalia alpina* (Linnaeus, 1758)

## АЛПСКИ СЕЧКО




Алпската стрижибуба припаѓа на фамилијата Стрижибуби (Cerambycidae).Антените може да бидат двапати подолги од остатокот од телото кај мажјаците. Елитрата е рамна, сино-сива, со променливи црни дамки, свиленкаста напред и мала во задниот дел. И антените и нозете имаат иста боја како и телото. Бојата служи како добра камуфлажа со нивното преферирано живеалиште, европската бука.



15 до 38 mm







Букови шуми, но може да се сретне и на костен, орев, липа, врба, даб, евла и др.).

# *Rosalia alpina* (Linnaeus, 1758)






**ЖИВЕАЛИШТЕ**

*Rosalia alpina* се смета за планински вид поврзан со буката (*Fagus sylvatica*). Мажјаците и женките преферираат живеалиште на долги, изложени на сонце трупци со дијаметар од најмалку 25 cm.Најмноги активни се помеѓу средината на јули и средината на август.Развојот се одвива во мртви и распаднати дрвја. Најчесто се среќаваат на буки изложени на сонце, но и на брест, врба костен, јасен, орев, липа , даб , евла и глог.

**ЗАКАНИ**

Интензивната употреба на буковите шуми за производство на огревно дрво и дрво за мебел, но и погрешното управување со шумите со неговото ригорозно отстранување на мртвото дрво, го лишиле овој вид од неговата егзистенција во големи делови од Европа и го доведоа до работ. Сечењето дрвја во заштитените подрачја треба да биде поврзано со законски ограничувања, постоечкото мртво дрво мора да остане во зачуваната област, шумите треба да се поставаат на засенчени места или на доволно растојание од живеалиштето.

**КОНЗЕРВАЦИСКИ СТАТУС**

*Rosalia alpina* се наоѓа на Светската црвена листа на IUCN под категорија Vulnerable (VU). Видот се наоѓа на анекс II и IV од ЕУ Директивата за живеалишта и на Анекс II од Бернската Конвенција.
На Црвената листа на сапроксилни тврдокрилци на Европа се наоѓа под категорија Least Concern (LC) и на Медитеранска црвена листа на сапроксилни тврдокрилци под категорија Least Concern (LC).

# *Morimus funereus* Mulsant, 1863

БУКОВ СЕЧКО




Буковиот сечко припаѓа на фамилијата Стрижибуби (Cerambycidae).Издолжено и овално тело со сиво-сини елитри на кои има 4 црни дамки. Мажјаците имаат поразвиени антени од женските единки. На тораксот на двете страни има израсток во вид на трн. Немаат силна способност за летање. Можат да се сретнат во приквечерните часови на пат (најчесто асфалтен).



15 - 40 mm







Топола, даб, бука, липа.

# *Morimus funereus* Mulsant, 1863






## ЖИВЕАЛИШТЕ

Видот главно се сретнува во планински екосистеми, населувајќи локалитети од подножјето до околу 1600 m н.в. Потенцијални хабитати за видот се старите, добро сочувани листопадни и мешани шуми и екотони, каде има присуство на дрвесина зафатена од процес на распаѓање. Преферира дабови и букови шуми, но не е исклучена можноста за негово присуство и во рипариските шумски појаси. Видот е широко распространет во јужна и централна Европа, на запад од Пиринејскиот полуостров сè до европскиот дел на Турција.

## КОНЗЕРВАЦИСКИ СТАТУС

*Morimus funereus* се наоѓа на Светската црвена листа на IUCN под категорија Vulnerable (VU). Видот се наоѓа на анекс II од ЕУ Директивата за живеалишта и на Анекс I од Бернската Конвенција.

## ЗАКАНИ

Губењето на живеалиштето, како што е отстранувањето на гранките и трупците од шумското дно, како и стоењето мртви или изумрени дрвја. Друга закана е управувањето со шумите, сечата и отстранувањето на големи дрвја кои се важни живеалишта за ларви за *M. funereus* и други сапроксилни инсекти.



# *Bombina variegata* (Linnaeus, 1758)

## ЖОЛТ МУКАЧ

Жолтиот мукач припаѓа на фамилијата Bombinatoridae. Неговата горна страна е сиво-кафеава, често со измиени, светли точки, а долната страна, вклучувајќи ги внатрешните страни на екстремитетите, прстите на рацете и нозете, е сиво-сина до црно-сина со впечатливи, светло жолти до портокалови дамки, кои обично покриваат повеќе од половина од долната страна. Огнените жаби имаат компактно тело - иако не е толку рамно како сродната европска жаба со жарче и заоблена муцка. Зениците се во форма на срце, со ушните тапанчиња кои не се видливи. Надвор има бројни брадавици.



28–56 mm







Зимзелени, листопадни и мешани шуми, грмушки и ливади, поплавни полиња и пасишта, влажни станишта.

# *Bombina variegata* (Linnaeus,1758)

   

**ЖИВЕАЛИШТЕ И ЕКОЛОГИЈА**

Може да се најде во зимзелени, листопадни и мешани шуми, грмушки и ливади, поплавни полиња и пасишта. На пониски надморски височини, овој вид живее во листопадни шуми; на поголеми пак, почесто се среќава во листопадни, како и зимзелени шуми и висорамнини. Видот користи многу видови влажни станишта. На повисоки надморска височини, активниот период може да биде пократок (средината на април до средината на септември). Репродукцијата започнува во рана пролет на пониски височини а може да е одложена до почетокот на летото на повисоки височини, иако тоа може да варира во голема мера како резултат на суши или изразени врнежи. Големината на леглото може да варира од 50 до 100 јајца, од кои четири дена подоцна се изведуваат полноглавците. Спаѓа во групата на долговечни водоземци, со животен век од 10-15 години и рекорд од 29 години во заробеништво.

**КОНЗЕРВАЦИСКИ СТАТУС**

На Светската и Европската Црвна листа на IUCN видот се наоѓа под категорија Least Concern (LC). Видот се наоѓа на Анекс II од Бернската Конвенција и на Анекс II и IV од ЕУ Директивата за живеалишта и птици. Видот се наоѓа на Листата на заштитени диви видови на Македонија. Неопходно е соодветно управување со живеалиштата за да се одржат мочуриштата и да се спречи сукцесија во грмушки и шумско земјиште.

**ЗАКАНИ**

Деградација на живеалиштата, развој на инфраструктура, изградба на хидроцентрали, испуштање на загадени материи во влажните станишта, климатските промени, градежната и оперативната работа на малите хидроцентрали.
Закани од габите *Batrachochytrium dendrobatidis* и *B. salamandrivorans* неодамна беа откриени на Балканскиот Полуостров.
Тие предизвикуваат болест позната како хитридиомикоза (Whittaker et al. 2016) кај водоземци.

# *Triturus macedonicus* (Karaman, 1922)

## МАКЕДОНСКИ МРМОРЕЦ



Македонскиот мрморец, спаѓа во фамилија Саламандери (Salamandridae), кои се одликуваат со издолжено валчесто тело, добро развиена сплесната опашка и два пара кратки нозе. Тој е релативно голем мрморец со вкупна должина на телото до 180 mm. Зеленкасто кафеав по боја,а вентралната страна е жолта со дамки.



180 mm







Букови шуми, подрачја со медитеранска клима, модифицирани живеалишта како каменоломи и вештачки водни тела,камени бунари, резервоари и корита за пиење.

# *Triturus macedonicus* (Karaman, 1922)






**ЖИВЕАЛИШТЕ**

Населува различни копнени живеалишта, од букови шуми до аридни подрачја со медитеранска клима. Овој вид може да се најде во модифицирани живеалишта како што се каменоломи и вештачки водни тела, како што се каменити бунари, резервоари и корита за пиење, во планински шуми (широколисни и зимзелени), во нивна околина и ливади. Македонскиот мрморец е активен од средината на март до почетокот на октомври. Активноста може да се одложи и скрати на поголеми надморски височини, почнувајќи од средината на април до средината на септември. Размножувањето се одвива во доцна пролет или рано лето, во застојани постојани и привремени водни живеалишта. Одгледувањето се одвива во базени од спородвижечки потоци, езерца и понекогаш, одводни канали. Женките положуваат приближно 100-200 јајца, кои се индивидуално завиткани во водната вегетација.

**КОНЗЕРВАЦИСКИ СТАТУС**

На Светската и Европската Црвна листа на IUCN видот се наоѓа под категорија Vulnerable (VU). Видот се наоѓа на Анекс II од Бернската Конвенција и Анекс IV од ЕУ Директивата за живеалишта. Видот се наоѓа на Листата на заштитени диви видови на Македонија.

**ЗАКАНИ**

Главните закани за видот се губење на водните живеалишта, особено репродуктивните центри, преку интензификација на земјоделски активности и агро-хемиско загадување и интродукција на предаторни риби. Климатските промени можат да предизвикаат флуктуации во површината на населеност што може да биде особено погубна кога влијае на репродуктивните центри. Ова е забележано во преспанскиот и охридскиот регион.

# *Testudo hermanni* Gmelin, 1789

## РИДСКА ЖЕЛКА



*Testudo hermanni* припаѓа на фамилијата Желки (Testudinidae). Тоа е желка со средна големина. Возрасните обично се движат од 13-20 см. Возрасните може да достигнат должина до 28 cm, со тежина од 3-4 kg. Оклопот на ридската желка е жолт и црн, понекогаш рамномерно жолт или зеленикаво жолт.Женките во просек се 12% поголеми од мажјаците, но нивните опашки се многу помали. Карактеристично за ридската желка е присуството на остро тврдо (кератинизирано) ткиво на врвот на опашката, кое е поразвиено кај мажјаците.

28 cm









Бујни ливади, култивирани подрачја, ридови обраснати со жбуње, светли шуми.

# *Testudo hermanii* Gmelin, 1789

   

**ЖИВЕАЛИШТЕ**

Видот ги населува повеќето медитерански вегетациски живеалишта, но типични за него се полуотворени камени формации, сончеви ридови со ниска и ретка вегетација и трева. Претпочита грмушки или отворени површини во термофилни шуми, во Северна Македонија најчесто дабови или деградирани шуми од претежно христов трн (*Paliurus spina-christi*) и/ или багрем (*Robinia pseudoacacia*). Се среќава и во областите на обработливо земјиште, особено лозови насади, а понекогаш и овоштарници и пасишта, па дури и во урбани паркови (Speybroeck et al. 2016).

**КОНЗЕРВАЦИСКИ СТАТУС**

Според Националната Црвена Листа на Република Северна Македонија го носи статусот Vulnerable (VU). На Глобалната Црвена листа ридската желка е Near Threatened (NT). Строго заштитен според Бернската конвенција Анекс II и ЕУ Директивата за живеалишта Анекс IV и се сериозно засегнати од трговијата со животни според Конвенцијата за трговија со загрозени диви видови Анекс II.

**ЗАКАНИ**

Уништување и менување на живеалиштата, ловокрадството и нелегално собирање заради трговија со домашни миленичиња. Во С. Македонија, претераното собирање е веројатно најголемата закана за копнените желки, особено ако сфатиме дека во недостаток на строга контрола, легалните фарми за желки можат лесно да се користат како платформи кои го олеснуваат извозот на единки кои се нелегално фатени од дивината (Nikolić et al.
2018).



# *Alectoris graeca* (Meisner, 1804)

## ЕРЕБИЦА КАМЕЊАРКА

Еребицата камењарка припаѓа на фамилијата Phasianidae. Има округол облик, а боите ѝ се слични на боите на камењата. Претежно е сива, со светлокафеав грб, сиви гради и кремава боја на стомакот. Лицето ѝ е бело со црни линии, а на крилјата има коцкести шарки. Нозете ѝ се црвени. Кога ќе се вознемири, таа претопчита да трча повеќе отколку да лета, но ако е неопходно ќе прелета кратко растојание. Распонот на крилјата може да ѝ достигне до 60 cm.



36 cm







Каменести или карпести терени во планинскиот појас.

# *Alectoris graeca* (Meisner, 1804)






**ЖИВЕАЛИШТЕ**

Типични природни живеалишта за *Alectoris graeca* се суви, каменести или карпести терени во планинскиот појас, над појасот на шумата па се до снежната зона. Претпочита тревести терени обраснати со грмушки, каменести терени, сипари, стрмни карпести терени и литици. Вообичаено ја населува субалпската зона на планините и многу ретко е присутна на надморски височини помали од 900 метри. Најфреквентна е во појасот со надморска височина помеѓу 1200 и 1600 m. Еребицата камењарка е претежно групен вид, која живее во заедница според сезонскиот ритам, при што преминува од парови во јата и обратно. Популацијата на овој вид во НПГ е релативно мала (не поголема од 25 до 100 пара) а како позначајни локалитети се сметаат Голем Казан, под врвот Магаро со околните терени, Лако Сигној, како и терените околу локалитетот Томорос. Вообичаено се присутни сезонски вертикални миграции во високопланинската зона за гнездење, што се случува напролет и наесен кога јатата се спуштаат во пониската зона. Популацијата на Еребицата камењарка која гнезди на подрачјето на НПГ е релативно мала (не поголема од 25 до 100 пара) иако природните живеалишта обезбедуваат услови за развој на една оптимална популација која би била неколкукратно поголема.

**КОНЗЕРВАЦИСКИ СТАТУС**

Вклучена на листата на Анекс III од Бернската Конвенција, на листите на Анекс I и II од ЕУ Директивата за заштита на дивите видови птици (EU Directive 2009/147 EC), додека на IUCN Црвената листа на видови под закана во Европа е вклучен во категоријата Near Threatened (NT), на територијата на ЕУ 27, во категоријата “Vulnerable” (VU).

**ЗАКАНИ**

Губење на живеалишта и прекумерен лов, природната сукцесија, зараснување на ливади.

# *Mergus merganser* Linnaeus, 1758

## ГОЛЕМ СЕВЕРЕН ПОТОПНИК



Вид птица од фамилијата Патки (Anatidae). Телото на мажјаците им е бело со розово, а грбот црн. Опашката им е сива, крилјата им се црно-бели, а главата им е црна со зелен сјај. Најчесто мажјаците се потешки од женките. Поголемиот дел од телото на женките е сив, а главата им кафено-црвена. Распонот на крилјата им е 78–97 cm. Тешки се од 0,9 до 2,1 kg.



58-72 cm







Потоци, реки или езера.

# *Mergus merganser* Linnaeus, 1758






**ЖИВЕАЛИШТЕ**

Преферираат да живеат во пошумени области покрај потоци, реки или езера. Гнездата обично се наоѓаат во пукнатина на дрво, но понекогаш и во други видови пукнатини или на земја, под заплеткани грмушки. Дистрибутивниот ареал на големиот северен потопник е во голема мера ограничен на појасите на тундрата и тајгата, како и на Алпите, каде што се задржува во периодот на гнездење. Северните популации презимуваат во Јужна и Југо-источна Европа. Една од ретките популации, јужно од Алпите, која на подрачјето се задржува во текот на целата година, вклучително и периодот на гнездење, (а не само на презимување) е Охридско - Преспанската популација на Големиот северен потопник (*Mergus merganser*), која претставува глацијален реликт, односно остаток од значителното поголемата популација која тука била присутна во текот на леденото доба. Охридско - Преспанската популација која гнезди на ова подрачје е релативно мала (не поголема од 10 до 20 пара) и истата има потреба од строга заштита, затоа што е под закана од исчезнување. Популацијата на Големиот северен потопник (*Mergus merganser*) која на подрачјето на Преспанско-Охридскиот Регион се задржува во текот на целата година (вклучително и периодот на гнездење) претставува значаен глацијален реликт, за разлика од северните популации кои гнездат во Северна Европа, додека во Јужна Европа мигрираат за презимување.

**КОНЗЕРВАЦИСКИ СТАТУС**

*M. merganser* е вклучен на листата на Анекс III од Бернската Конвенција; на листите на Анекс I и II од ЕУ Директивата за заштита на дивите видови птици (EU Directive 2009/147 EC), додека на IUCN Црвената листа на видови под закана во Европа е вклучен во категоријата Least Concern (LC).

**ЗАКАНИ**

Губење на живеалишта, нелегален лов и вознемирување.



# *Rupicapra rupicapra balcanica* Bolkay, 1925

## БАЛКАНСКА ДИВОКОЗА

Балканската дивокоза *Rupicapra rupicapra balcanica* припаѓа на класата Цицачи (Mammalia) во редот на Парнокопитари (Artiodactyla). По должина на главата, од муцката кон ушите, има темна (речиси црна) лента. И мажјаците и женките имаат рогови , кои се црни, со обична должина 24-31 cm, силно извиени назад како кука. Може да достигне висина до 80 cm, а должина до 130 cm, а некои посилни мажјаци достигнуваат тежина и до 40 kg. Во пролет дивокозата го менува темното и дебело зимско крзно со жолто-'рѓаво и кусо летно крзно. Женките во споредба со мажјаците се помали и со помала тежина.



130 cm







Високо достапни планински предели карпи.

# *Rupicapra rupicapra balcanica* Bolkay, 1925






**ЖИВЕАЛИШТЕ**

Во НП Галичица живее на високо достапни планински предели и карпи, најчесто на јужните страни. Некои популации живеат само во шуми, а има и сезонска миграција.
Главни предатори врз дивокозата се рисот и волкот, а помладите единки можат да бидат нападнати и од орли.
Нивна храна претставуваат тревестите растенија и планински билки (Sesleria sp., жалфија), како и брстење на дрвјата, млади листови од високо планинските грмушки, капини и малини. При процесот на исхрана преживаат. Животниот век им е до 20 години. Активни се пролет-лето, главно во самрак и зори, до 3 саати по изгрејсонце. Помала активност на сонце, а поголема на дожд и облачно време.

**КОНЗЕРВАЦИСКИ СТАТУС**

Дивокозата се наоѓа на ЕУ Директивата за живеалишта Анекс II и IV. Вклучена е и на листата на Анекс III (строго заштитени животински видови) од Бернската Конвенција, додека на IUCN Црвената листа на видови под закана во Европа е вклучена во категоријата Least Concern (LC).

**ЗАКАНИ**

Главните закани вклучуваат фрагментација на живеалиштата,ловокрадство, притисок на човечкото население, што резултира со нарушување поради зголемената пристапност на патиштата, туризмот и рекреативните активности на отворено; вознемирување од овчари и нивните кучиња; конкуренција со добиток и егзотични копитари; и потенцијалот за хибридирање меѓу видовите и подвидовите дивокоза.

Голема благодарност до останатите колеги од Националиот парк Галичица, Климент Нанев, Константин Здравески, Александар Гугоски, кои помогнаа успешно да се спроведе процесот на Граѓанска наука.
Голема благодарност до проект- координаторот Даниел Богнер и неговата асистентка Ивана Христовска.

2023